Јавно претпријатие за комунална дејност "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" Бр. 03-04-21/1 03.01.2019 Охрид

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија(Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 6/02, 40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15,39/16 и 64/18) и член.6 од Законот за вработени во јавниот сектор(Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14, 27/16 и 35/18,а во согласност со Правилникот за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во ЈП Охридски Комуанлец Охрид бр.02-2121/5 од 05.12.2018 година ,Правилникот за систематизација на работните места во ЈП „Охридски Комуналец "Охрид бр 03-437/2 од 24.03.2016 година Директорот на Јавното Претпријатие објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2019**

За пополнување на работното место со унапредување на даватели на јавни услуги во ЈП Охридски Комуналец Охрид

ЈП Охридски Комуналец Охрид објавува интерен оглас за унапредување на следново работно место:

1.Евидентичар,со шифра КДР 0305 Б04 049 1(еден)извршител,со исполнување на следниве посебни услови:

-Стручни квалификации:најмалку ниво на квалификации IV,240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.

Работно искуство: со или без работно искуство

Покрај горенаведените посебни услови,заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување согласно Законот за работни односи и тоа:

-да е државјанин на Република Македониај,

-активно да го користи македонскиот јазик,

-да е полнолетен

-да има општа здравствена способност за работното место

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија,дејност или должност....

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга вработен во ЈП Охридски Комуналец Охрид,кој ги исполнува општите и посебните услови за попнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за јавните претпријатија,Правилникот за систематизација на работните места ,како и да ги исполнува следниве услови:

-работното место на кое се унапредува да е слободно,

-ги исполнува општите и посебни услови,

-да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавување на интерниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5(пет) работни дена сметано од денот на објавата на интерниот оглас.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на ЈП Охридски Комуналец,секој работен ден од 7 до 15 часот,со назнака за Интерен оглас број 1/2018.

Ненавремена,нецелосна и неуредна пополнета пријава,нема да биде предмет на разгледување.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци,ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈП ,,Охридски Комуналец, Охрид
Директор
Грданоски Лупчо